# „Искушенијата нема да престанат да го снаоѓаат верникот и верничката – во нив самите, во нивните деца и во нивниот имот – сè додека не го сретнат Аллах, без ниту еден грев.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Искушенијата нема да престанат да го снаоѓаат верникот и верничката – во нив самите, во нивните деца и во нивниот имот – сè додека не го сретнат Аллах, без ниту еден грев.“
[حسن] [رواه الترمذي وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известува дека искушенијата и неволјите постојано ќе го снаоѓаат верникот и верничката – во нив самите, преку здравствени проблеми и телесни потешкотии; во нивните деца, преку болест, смрт, непослушност или други искушенија; како и во нивниот имот, преку сиромаштија, пропаст на трговијата, кражба, финансиски загуби и ограничен ризк. Сето тоа е причина преку која Аллах ги брише нивните гревови и престапи, така што, кога ќе Го сретнат, ќе бидат очистени од нив.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee